Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 12**<br>**Датум:** | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Ги препознава сите монети и банкноти** | **Одделение: II** |
|---|---|---|

| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин. | Да ги препознаваат парите.<br>Да дадат практични примери за користење на парите | Можат да препознаат пари.<br>Можат да дадат практични примери за користење на парите | Се охрабруваат учениците да зборуваат за сопственото искуство со пари. Со ова се воведуваат и утврдуваат термините „монети“ и „банкноти“ и се констатираат предзнаењата. Учениците кажуваат што сметаат дека е мала, а што голема сума пари. | З/И | Прирачник за наставници | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Да ги именуваат сите монети и банкноти во нашата држава.<br><br>Да ги препознаат, опишат и именуваат парите | Можат да препознаваат, именуваат и опишуваат монети и банкноти | Примероци од секоја монета за да им се покаже на учениците. Монетите кружат низ училницата, а учениците ги опишуваат. На пример: Ова е монета од 1 денар, има златна боја и слика од шарпланински пес. Ова го повторуваме за сите видови монети, со тоа што различни ученици ќе добијат шанса да објаснат. Описите на монетите и банкнотите може да се најдат на интернет страницата на НБРМ (http://www.nbrm.mk/). Употребувајте ги зборовите „денар“, „денари“ и „монети“ правилно.<br>Учениците знаат да ги прочитаат зборовите „денар“ и „денари“ што се запишани на монетите и можат да го најдат името на државата. | З<br><br><br><br><br><br><br><br>И | Примероци на монети и банкноти<br><br>Слики со пари<br>Линк<br>http://www.nbrm.mk/ | |
| 10 мин. | Практично да ги применат стекнатите знаења | Примена на знаењата за пари | Цртање на монети, банкноти и нивно именување. | И | Тетратки, прибор за пишување | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведните активности се заедничка и индивидуална, главните активности имаат заедничка и индивидуална работа, завршните активности индивидуална со постојан надзор на наставникот, консултации и потребна помош. | | Денар, монети од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, 10, 20, 50 и банкноти од 100, 500, 1000 и 5000 денари, пари, монета, банкнота, цена, чини, купува, купи, продава, продал, троши,потроши, плаќа, кусур, речиси, чини повеќе, поскапо/најскапо. |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | Наставни техники: бура на идеи, минута техника, прашања/одговори. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 12**<br>**Датум** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Читање и разбирање на вредноста на парите до 50 денари** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од час)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Да ги препознаваат парите.<br>Да дадат практични примери за користење на парите | Можат да препознаат пари.<br><br>Можат да дадат практични примери за користење на парите | Поразговарајте околу симболите што ги има на монетите и што е тоа што ќе ви помогне во препознавањето на парите од нашата земја. | З | Слики на пари | Прашања/одговори<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Да ги именуваат сите монети и банкноти во нашата држава.<br><br>Да ги препознаат, опишат и именуваат парите.<br><br>Да ја разбере вредноста на банкнотите | Можат да препознаваат, именуваат и опишуваат монети и банкноти | Воведете ги и претставете ги банкнотите. Поразговарајте околу тоа како бојата и симболите на банкнотите ни помагаат во идентификувањето на различните суми и потенцирајте дека различните банкноти имаат различна вредност.<br>Задржете го разговорот со учениците на читање и разбирање на вредноста на парите.<br>Работат во групи – секоја група добива различни банкноти до 100 денари. Задача на групата – да ја прочитаат вредноста на банкнотата, да ја опишат и да кажат што сѐ можат да купат со неа, а што не можат да купат. | З<br><br>И<br><br>Г | | |
| 10 мин. | Практично да ги применат стекнатите знаења | Примена на знаењата за пари | Учениците нека нацртаат и нека обојат неколку банкноти (не мора во детали). | И | | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведни активности – заедничка, препознавање на симболите на Монетите.<br>Главни активности – групна и заедничка работа на учениците (разбирање на вредноста на банкнотите).<br>Завршни активности – индивидуална работа. | | | | | Денар, монети од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, 10, 20, 50 и банкноти од 100, 500, 1000 и 5000 денари, пари, монета, банкнота, цена, чини, купува, купи, продава, продал, троши, потроши, плаќа, кусур, речиси, чини повеќе, поскапо/најскапо. | |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | | | Наставни техники: бура на идеи. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 12**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Да добиеме 100 денари** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Користи правилен запис на пари (износ и валута) | Може да користи правилен запис на пари (износ и валута) | Опишете им ги монетите на учениците. Нека погодат која монета ја опишувате.<br>Кажувајте работи како: Олку е голема (покажете). По боја е златна. На неа има слика од рис, за која монета зборувам? | З<br><br>И | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br>Прирачник за наставници | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Користи монети за да пресмета збир на 10, 50 или 100.<br><br>Усно го образложува и го објаснува одговорот на задачите.<br><br>Го користи знаењето за решавање на проблеми | Може да користи монети за да пресмета збир на 10, 50 или 100.<br><br>Може усно да го образложува и објаснува одговорот на задачите.<br><br>Може да го користи знаењето | На секоја група дајте им купче монети од по 5 денари, 2 денари и 1 денар и банкноти по 10, 50 и 100 денари. На учениците кажете им дека треба да направат збир 10, 50 или 100 денари на свој начин.<br>Поразговарајте околу различните начини на формирање на 10 денари (десет монети од по 1 денар, пет монети од по 1 денар и една од 5 денари, две монети од по 5 денари, 5 монети од по 2 денара и сл.).<br>Прашајте на кој друг начин можеме да формираме 10 денари (една десетка).<br>Потоа истата постапка се повторува со збир на 50 или 100 денари (формираат збирови на 50 или 100 само со банкноти). | Г | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br>Прирачник за наставници | |
| 10 мин. | Применува стекнати знаења | | Учениците ги запишуваат различните начини на формирање 10 денари (една десетка). | З/И | Монети, тетратки, прибор за пишување.<br>Прирачник за наставници | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведни активности – заедничка работа.<br>Главни активности – групна работа на учениците.<br>Завршни активности – заедничка и индивидуална работа. | | Денар, монети од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, 10, 20, 50 и банкноти од 100, 500, 1000 и 5000 денари, пари, монета, банкнота, цена, чини, купува, купи, продава, продал, троши, потроши, плаќа, кусур, речиси, чини повеќе, поскапо/најскапо. |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | Наставни техники: бура на идеи. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 12**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Случка на пазарот - измислување приказна за поставена задача** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| 10 мин. | Користи систем на обележување на пари до 100 денари | Може да користи систем на обележување на пари до 100 денари | Се проверува усвоеноста на вредноста на парите – учениците подготвуваат етикети на артиклите во „продавницата“. | З/И | Ливчиња,<br>маркери,<br>артикли | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија |
| 20 мин. | Го одредува збирот на монети и банкноти потребни да се плати одреден износ до 100 денари и го пресметува кусурот.<br><br>Измислува приказна за поставена задача, вклучувајќи ги во задачата и парите | Може да го одредува збирот на монети и банкноти потребни да се плати одреден износ до 100 денари и го пресметува кусурот.<br><br>Може да измислува приказна за поставена задача, вклучувајќи ги во задачата и парите | Учениците играат „продавница“. Се делат во групи. Секоја група има подготвено артикли со етикети и вредност на артиклот и подготвено пари (различни вредности до 100 денари).<br>Еден ученик во групата е продавач, а останатите купувачи. Целта на играта е да се плати одреден износ за артиклите, а продавачот да врати кусур.<br>Секој ученик од групата има „чантичка“ со хартиени монети (1 денар, 2 денара, 5 денари и 10 денари). Учениците еден по еден нека ја играат улогата на продавач. Продавачот нека продава. Учениците еден по еден купуваат и плаќаат за нив, а продавачот враќа кусур. За да ја отежните активноста, се додаваат и хартиени монети од по 50 денари. | З<br><br>Г | Ливчиња,<br>маркери,<br>артикли,<br>банкноти и монети,<br>каси<br><br>Прирачник за наставници | |
| 10 мин. | Усно ги образложува постапката на решавање и одговорот на задачата | Може да ја образложи постапката на решавање на задачата | Запишување на приказните на групи и образложување на постапката за решавање на истата. | З | Флип-чарт,<br>табла,<br>маркери | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведни активности – индивидуална и заедничка работа.<br>Главни активности – заедничка и групна работа на учениците.<br>Завршни активности – заедничка работа. | | Денар, монети од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, 10, 20, 50 и банкноти од 100, 500, 1000 и 5000 денари, пари, монета, банкнота, цена, чини, купува, купи, продава, продал, троши, потроши, плаќа, кусур, речиси, чини повеќе, поскапо/најскапо. |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | Наставни техники: бура на идеи. | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 12**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Текстуални задачи со собирање и одземање на вредност на пари** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Користи правилен запис на пари (износ и валута) | Може да користи правилен запис на пари (износ и валута) | На учениците им се поставуваат различни задачи со пари за да се потсетат на вредноста на монетите и банкнотите во РМ.<br>• Која е оваа монета?<br>• Дали е ова монета од Република Македонија? Од каде знаеш?<br>• Која е оваа банкнота?<br>• Дали е ова банкнота од Република Македонија? Од каде знаеш?<br>• Која е вредноста на оваа монета?<br>• Што можам да купам со оваа монета? | З/И | Слики од монети и банкноти | Прашања/одговори<br>Решение<br>Набљудување<br>Дискусија<br>Работен лист |
| 20 мин. | Користи монети за да пресмета збир на 10, 50 или 100.<br><br>Го користи знаењето за решавање на проблеми | Може да користи монети за да пресмета збир на 10, 50 или 100.<br><br>Може да го користи знаењето за решавање на проблеми | Учениците добиваат работни листови со собирање и одземање (текстуални задачи) користејќи пари за да ги решат задачите.<br><br>Наставникот ги објаснува барањата од работниот лист, ја следи работата на учениците, поттикнува и насочува.<br><br>Учениците самостојно ги решаваат барањата користејќи разни манипулативи (бројни оски, табела 100, хартиени пари и др.) | И | Работен лист за учениците<br><br>Табела 100, бројна оска, хартиени пари | |
| 10 мин. | Усно го образложува и го објаснува одговорот на задачите | Може усно да го образложува и објаснува одговорот на задачите | Проверка на знаењата и образложување на одговорите во парови. | П | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведни активности – заедничка и индивидуална работа.<br>Главни активности – индивидуална работа на учениците.<br>Завршни активности – работа во парови. | Решавање задачи во учебникот. | Денар, монети од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, 10, 20, 50 и банкноти од 100, 500, 1000 и 5000 денари, пари, монета, банкнота, цена, чини, купува, купи, продава, продал, троши, потроши. |
| Наставни методи: метод на истражување, еуристички методи, говорен метод, метод на игра, практична работа. | Наставни техники: бура на идеи, пауза за размислување. | |

obrazovanie.literatura.mk